## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Бор 8% се користи за коригирање на дефицитот на бор кај земјоделските култури, а особено се препорачува кај карфиолот, зелката, марулата, спанаќот, морковот, броколата, доматот, пиперката, јаболкото, луцерката, шеќерната репка и др., меѓутоа може да се применува и кај виновата лоза и кај други култури. Бор 8% се препорачува за апликација во фазата пред цветање и во фазата на масовно цветање. Како резултат на апликацијата на Бор 8%, растенијата правилно се развиваат, цветаат, заврзуваат плодови, односно даваат стабилни и квалитетни приноси. Кај овошните видови и кај виновата лоза се постигнува успешно формирање родни пупки за следната година. Дефицитот на бор често се поврзува и со недостигот на влага во почвата, поради што Бор 8% се препорачува за аплицирање со водата за наводнување, а особено преку системот за микронаводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација.
При оптимална исхрана со макрохранливи елементи и со оптимална влага во почвата, со Бор 8% преку фолијарната апликација се постигнува одличен ефект.

## НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, фаза на масовно цветање и на плодоносење | 2-3 апликации на 7 дена | 2-3 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Пољоделски култури | Почеток на вегетација или формирање на плодови | 2 апликации | 2 l ѓубриво со најмалку 2000-3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода, сé до фазата заврзување плод-зрно | 2-3 апликации на 7 дена | 2-3 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |

**Folijarna** 

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 m² со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, фаза на масовно цветање и на плодоносење | 2 апликации на 14 дена | 100 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетација или формирање на плодови | 1-2 апликации на 14 дена | 100 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури | По отворање на пупките | 1-2 апликации на 14 дена | 100 ml ѓубриво со 100 l вода |
| | По берба пред опаѓање на листовите | 1 апликација | 100 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 1-2 апликации на 14 дена | 100 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Бор 8% може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални средства за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Бор (B)[1] | (8,0 ± 0,4) % (w/v) |

[1] Борна киселина во моноетаноламин (MEA).